Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став (1) алинеја 3 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија бр.16/11,136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) на седницата одржана на ден 12.07.2017 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИН И УСЛОВИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ТАРИФИ ЗА ПРЕНОС, УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМОТ ЗА ПРЕНОС И ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС

### Член 1

Во Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас (Службен весник на Република Македонија бр. 201/16), во член 3, по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"На носителите на лиценци за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија, за потрошените количини во третиот квартал од 2017 година, операторот на системот за пренос на природен гас може да ги намали тарифите за вршење на дејностите пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас до 50% од определените со соодветната Одлука за 2017 година."

### Член 2

Во член 27, точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите "и Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за пренос, дистрибуција и снабдување со природен гас ("Службен весник на Република Македонија" бр. 151/11, 160/11 и 120/16)."

### Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр.01-1207/1**
**12.07.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**